23.04.2026
08-571

У-6.бр.78/2024

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телеграфчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар – судски советник Добрила Бришкоска Арсова, одлучувајќи по тужбата на тужителите Г.П. и Е.М., двајцата од Скопје, поднесена преку полномошник Влатко Китановски, адвокат од Адвокатско друштво Китановски од Скопје, против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-571 од 12.02.2024 година , основ: слободен пристап до информации од јавен карактер, вредност на спорот: 20.000,00 денари, на нејавна седница на советот одржана на ден 16.03.2026 година, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителите Г.П. и Е.М., двајцата од Скопје, против Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-571 од 12.02.2024 година СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителите изјавено преку полномошник за надомест на трошоците сторени во управниот спор, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, се отфрла како недопуштена жалбата изјавена од Влатко Китановски адвокат од Скопје, полномошник на Г.П. и Е.М., двајцата од Скопје, поднесена против Решението на Нотарската комора на Република Северна Македонија бр.02-758/4 од 29.06.2021 година и против Известувањето од Министерството за правда Упп бр.09-319 од 05.07.2021 година, заведена во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер под бр.08-571 на 20.07.2021 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер.

Незадоволни од оспореното Решение, тужителите, преку полномошник Влатко Китановски адвокат од Адвокатско друштво Китановски од Скопје, поднесоа тужба за поведување на управен спор, со која ја оспорија законитоста на истото, поради непостапување според правилата на постапката и погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Предлагаат, Судот согласно одредбите од членот 60 став 6 од Законот за управните спорови да донесе Пресуда со која ќе ја уважи тужбата на тужителите и ќе го поништи оспореното Решение. Кон тужбата прилагаат Трошковник. Во тужбата наведуваат дека тужениот не постапил по напатствијата на Управниот суд содржани во правосилната пресуда У-5.бр.1303/2021 од 21.03.2023 година на начин што не ги расправил сите факти и околности што се од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба, па така иако кон тужбата У-5.бр.1303/21 која тужениот уредно ја примил и која е составен дел на предметот 08-571 биле уредно доставени Барањата до Нотарската комора и до Министерството за правда од кои јасно можело да се види дека барателите се повикале на одредбите од ЗСПИЈК, истиот целосно ги игнорирал. Понатаму по хронолошкото наведување на текот на постапката, наведуваат дека погрешно тужениот орган ја отфрлил жалбата како недопуштена од причина што бараните записник и извештај претставуваат информација од јавен

карактер, а од сите материјални докази било докажано дека тужителите како овластени лица имаат правен интерес да ја бараат предметната информација, со оглед на тоа дека по поднесена претставка од нивна страна бил извршен надзорот над работењето на Нотарот Јасмина Радончиќ, по што биле составени бараниот Записник и Извештај, а кои им биле потребни како поткрепа во интерес на покренатата постапка пред надлежен суд за огласување за ништовна на Солемнизација на приватна исправа – Договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ бр.251/17. Оттука неспорно произлегувало дека во постапката која му претходела на оспорениот акт, тужениот орган не постапил според правилата на постапката односно не го применил член 4 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, не го применил ниту член 5 став 1 и член 15 став 3 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а не го применил ниту член 42 став 1 од Законот за општата управна постапка.

Судот, тужбата ја достави на Одговор на тужениот орган, кој ги достави списите по предметот и во Одговор на тужба остана во целост на наводите дадени во образложението на оспореното решение, укажувајќи дека наводите во тужбата се неосновани во целост. Воедно појасни дека во конкретниот случај обидувајќи се да ја „исправат“ сопствената грешка, тужителите во прилог на предметната тужба У-6.бр.78/24 од 20.02.2024 година, приложуваат Барање пристап до Информации од јавен карактер доставено до Министерството за правда на 16.08.2021 година, односно по изготвување на решението на Агенцијата, кое Решение на Агенцијата било примено од страна на полномошникот на жалителите – Адвокат Влатко Китановски на 28.07.2021 година. Од друга страна, укажува и дека жалителите поднесуваат Жалба до Агенцијата против два иматели на информации, иако жалбата се поднесува против поединечен управен акт. Во конкретниот случај, барателите наместо да поднесат жалба за секое поединечно Барање, поднесуваат една жалба со недостатоци за тоа за што се однесува жалбата и против кој имател на информации ја поднесуваат, што истата ја прави недопуштена. Поради сето наведено, предлага Судот да ја одбие тужбата во целост како неоснована и да го потврди оспореното решение. Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го дотави до полномошникот на тужителите кој не се произнесе по истиот.

Постапувајќи по тужбата на тужителите, врз основа на наводите и доказите од тужбата, одговорот на тужбата на тужениот орган, како и од увидот во списите на предметот доставени од тужениот орган, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па најде дека:

Тужбата на тужителите е неоснована.

Согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019) „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Согласно член 6 став 1 точка 4 од истиот Закон, Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката.

Согласно член 26 од истиот Закон, Право на правна заштита во согласност со овој закон има барателот кој поднел барање за пристап до информација согласно со членот 12 став (1) од овој закон.

Согласно член 12 став 1 од истиот Закон, Барателот пристапот до информацијата може да го бара усно, писмено или во електронски запис.

Согласно член 15 став 1 од истиот Закон, Барањето за пристап до информации го поднесува барателот до имателот на информации. Согласно став 2 од истиот член, Барањето од ставот (1) на овој член поднесено во електронска форма се смета за писмено барање од членот 14 од овој закон.

Согласно член 14 став 1 од истиот Закон, За писменото барање за пристап до информации одлучува имателот на информации во постапка утврдена со овој закон. Согласно став 2 од истиот член, За прашања на постапката од ставот (1) на овој член кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Согласно член 104 став 1 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), Странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или пропуштање на управно дејствие, ако тврди дека со тоа дејствие или пропуштање се повредени нејзините права или правни интереси.

Согласно член 105 став 1 од истиот Закон, Во жалбата, странката го наведува управниот акт што се побива или за кој странката поднела барање, но не добила одговор од јавниот орган, го наведува органот надлежен за донесувањето или пропуштањето на актот и причините поради коишто странката не е задоволна со управниот акт или неговото пропуштање. Жалбата се поднесува во писмена форма.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019), судот одлучува во границите на тужбеното барање, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Од списите на предметот произлегува дека Влатко Китановски, адвокат од Адвокатско друштво Китановски од Скопје, во својство на полномошник на лицата Г.П. и Е.М., двајцата од Скопје, на ден 04.05.2021 година до Министерството за правда, Сектор за извршување, нотаријат и медијација, Одделение за нотаријат доставил барање за доставување на записник и извештај УПП бр.09-254 од 10.12.2020 година од извршен надзор при работењето на Нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, а во интерес на постапка поведена од истите лица пред Основен граѓански суд, за утврдување ништовност на Договорот за купопродажба заведен под 17 П4-479/19 во кој истите биле странки, а која постапка била во тек. Ова барање на ден 27.05.2021 година е дополнето со прилог уредно полномошно.

Исто така Адвокат Влатко Китановски од Адвокатско друштво Китановски од Скопје во својство на полномошник на истите лица Г.П. и Е.М., двајцата од Скопје, на ден 27.05.2021 година доставил исто такво барање и до Нотарската комора на Република Северна Македонија, додека на ден 25.06.2021 година до Нотарската комора на Република Северна Македонија доставил исто барање но со дополнување при тоа да се имаат во предвид одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по наведените барања, Министерството за правда доставило Известување Упп бр.093-19 од 05.07.2021 година со кое го известило полномошникот на барателите - Адвокат Влатко Китановски од Адвокатско друштво Китановски од Скопје дека нема законска обврска да им го достави бараниот извештај, односно дека согласно законските надлежности примерок од извештајот бил доставен само до Нотарот и Комората. Исто така, дополнително го известува полномошникот на

баратели дека барателите како подносители на претставката против предметниот Нотар Јасмина Радончиќ на ден 22.12.2020 година доставиле и поднесок заведен под Упп.бр.09-254 со кој ја повлекуваат претставката поднесена од нивна страна на ден 16.03.2020 година, и не барале изготвување на формална одлука по истото.

Од друга страна пак, постапувајќи по наведените барања, Нотарската комора на Република Северна Македонија донела Решение бр.02-758/4 од 29.06.2021 година со кое барањето на Г.П. и Е.М., двајцата од Скопје доставено преку полномошник Влатко Китановски, адвокат од Скопје, да им биде доставен записник и извештај УПП бр.09-254 од 10.12.2020 година, од извршениот надзор над работењето на нотарот Јасмина Радончиќ, од стрна на Министерството за правда, го одбила како неосновано. Ова од причини што, доставениот предлог за поведување на дисциплинска постапка против Нотар Јасмина Радончиќ, се темелел врз констатациите на наведениот извештај, а со оглед на фактот дека дисциплинската постапка била во тек, доставувањето на истиот до барателите, кои пак со писмен поднесок, доставен до Министерството за правда, ја повлекле претставката, смета дека може да има штетни последици врз текот на дисциплинската постапка, која се водела во согласност на Законот за нотаријатот и Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора, со укажување дека доколку истиот извештај би бил побаран од страна на Основниот граѓански суд Скопје, во текот на судската постапка по предметот П4-479/10, оформен по тужба на подносителите на барањето, истиот веднаш ќе биде доставен до судот од страна на Нотарската комора на РСМ.

Незадоволни од наведеното Решение бр.02-758/4 од 29.06.2021 година на Нотарската комора на Република Северна Македонија и Одговорот/Известување Упп бр.09-319 од 05.07.2021 година Министерство за правда на РСМ, Г.П. и Е.М., двајцата од Скопје, преку Влатко Китановски адвокат од Скопје, против истите акти поднеле жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведена во архивата на Агенцијата под бр.08-571 од 20.07.2021 година, но при тоа во прилог на жалбата не доставиле фотокопии од приложените барања доставени до Нотарската комора на Република Северна Македонија и до Министерството за правда, ниту пак ги доставиле оспореното Решение на Нотарската комора на РСМ и Известувањето на Министерството за правда, но од дополнителните списи доставени до Агенцијата на 22.07.2021 година, Агенцијата утврдила дека не биле поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер, туку согласно друг закон побарале да им биде доставен записник и извештај. Поради наведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер постапувајќи по изјавената жалба, донела Решение бр.08-571 од 23.07.2021 година, со кое жалбата изјавена од Влатко Китановски адвокат од Скопје, ја отфрлила како недопуштена.

Незадоволни од ваквото Решение, барателите, преку полномошник Влатко Китановски адвокат од Адвокатско друштво Китановски од Скопје поднеле тужба до Управниот суд. Постапувајќи по тужбата на тужителите, Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1303/2021 од 21.03.2023 година истата ја уважил наоѓајќи дека по извршен увид во жалбата, заведена кај тужениот орган под број 08-571 од 20.07.2021 година, произлегувало дека жалбата по која одлучувал тужениот орган била изјавена од страна на Г.П. и Е.М., двајцата од Скопје, преку полномошник Влатко Китановски, адвокат од Адвокатско друштво Китановски од Скопје, а не како што навел тужениот орган во утуженото решение дека одлучува по жалба изјавена од Влатко Китановски адвокат од Скопје. Оттука, по мислење на Судот тужениот орган постапил спротивно на член 88 став 3 од Законот за општата управна постапка, согласно кој со диспозитивот се одлучува за предметот на постапката во целост и за сите барања на странките за кои во текот на постапката не е решено посебно, од

причина што со диспозитивот на оспореното решение тужениот орган одлучувал по жалба изјавена од Влатко Китановски адвокат од Скопје, а не по жалба изјавена од Г.П. и Е.М., двајцата од Скопје.

Постапувајќи во повторна постапка, по напатствијата на Пресудата У-5.бр.1303/2021 од 21.03.2023 година на Управниот суд, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер го донела сега оспореното решение бр.08-571 од 12.02.2024 година.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот наоѓа дека во конкретниот случај, тужениот орган правилно и во целост постапил по напатствијата на Пресудата У-5.бр.1303/2021 од 21.03.2023 година на Управниот суд во повторна постапка, со оглед дека со сега оспореното решение ја исправил грешката во диспозитивот на претходно поништеното решение, на начин што со сега оспореното решение тужениот орган, правилно одлучувал по жалба изјавена од Г.П. и Е.М., двајцата од Скопје, сега тужители, а не по жалба изјавена од Влатко Китановски адвокат од Скопје, кој всушност во предметната постапка се јавува во својство на полномошник на истите тужители. Судот при тоа наоѓа дека тужениот орган спровел законита постапка и врз основа на правилно утврдена фактичка состојба, донел правилно и законито решение кое содржи јасни и доволно образложени причини за отфрлањето на изјавената жалба како недопуштена, дотолку повеќе што исправноста на ваквата одлука тужениот орган ја дополнува и со наводите во Одговорот на тужба.

Имено, имајќи во предвид дека Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер обезбедува остварување на јавен интерес, кој согласно законската дефиниција подразбира остварување на интересот на пошироката заедница како целина, и кој има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците, Судот наоѓа дека тужениот орган правилно постапил со сега оспореното решение отфрлајќи ја како недопуштена жалбата на сега тужителите. Наведеното дотолку повеќе што Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер нема за цел преку поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер, барателите на информации да остваруваат лични, приватни или индивидуални права, или како странки да обезбедуваат докази за водење на судски постапки, па со евентуалното објавување на бараната информација, во моментот на поднесување на барањата директно се прекршувала и одредбата од член 6 став 1 точка 4 од Законот за заштита на личните податоци, со оглед на фактот дека дисциплинската постапка против Нотар Јасмина Радончиќ, се темелела врз констатациите на бараниот извештај, и истата била во тек, па правилно Нотарската комора на Република Северна Македонија во Решението бр.02-758/4 од 29.06.2021 година укажала дека доставувањето на истиот до барателите, кои пак со писмен поднесок, доставен до Министерството за правда, ја повлекле претставката, може да има штетни последици врз текот на дисциплинската постапка, која се водела во согласност на Законот за нотаријатот и Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора. Дотолку повеќе што истата им укажала на барателите на фактот дека доколку истиот извештај би бил побаран од страна на Основниот граѓански суд Скопје, во текот на судската постапка по предметот П4-479/10, оформен по тужба на подносителите на барањето, истиот веднаш ќе бил доставен до судот од страна на Нотарската комора на РСМ.

Од друга страна, Судот наоѓа дека правило тужениот орган во Одговорот на тужба ја дополнува својата одлука укажувајќи на фактот дека сега тужителите поднесуваат жалба до Агенцијата против два иматели на информации, против два поединечни управни акти наместо да поднесат жалба за секое поединечно Барање, што истата ја прави дополнително недопуштена.

При одлучувањето, Судот ги имаше во предвид тужбените наводи на тужителите, меѓутоа имајќи ги предвид погоренаведените законски одредби кои укажуваат на неоснованост на предметното барање, истите ги оцени за неосновани и без влијание за поинакво одлучување во предметната постапка.

Имајќи предвид дека согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, во управен спор, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, Судот барањето на тужителите за надомест на трошоците во постапката, изјавено преку полномошникот по наведен Трошковник во прилог на тужбата, го одби како неосновано.

Управниот суд ја донесе оваа пресуда без одржување на јавна расправа согласно начелото на економичноста на постапката, со оглед дека самите тужители, преку полномошникот, во Поднесокот доставен до судот на 04.03.2026 година, побараа да се донесе одлука во разумен рок, без одржување на рочиште, а дотолку повеќе што во претходната постапка пред Судот беше одржана јавна расправа и од одржувањето на истата јавна расправа фактичката состојба не е променета.

Со оглед на погоре наведеното Судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Одлучено во Управниот суд на ден 16.03.2026 година под У-6.бр.78/2024.

Записничар - судски советник
Добрила Бришкоска Арсова

Претседател на советот - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителите солидарно да платат судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБСРМ, сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави до:
- тужителите, преку полномошник
Влатко Китановски, адвокат од
Адвокатско друштво Китановски Скопје
- тужениот орган

...ласноста на преписот
...о изворникот ја потврдува
Судски службеник

Претседател на советот - Судија
Марта Телегравчиска

МЃ/